# ЛИЧНО И ПЕРСОНАЛНО: ТОНИО САН ИЛИ РНС

# НЕ МОЖАМ ДА СОПРАМ!!!



MOONDRIVE

**Антонио Аранѓеловиќ ака Тонио Сан или РНС (Работам на случајот). Кој е едниот , а кој другиот?**
Тонио Сан е Брус Вејн, а РНС -  Бетмен. Работам на случајот е работното име на моето уметничко име, Тонио сан. Значи истиот човек само што Тонио Сан е зрелата верзија на РНС.

**За изложбата во МКЦ, техниките, цртежот, графиките...За стрипот “ Фацизам“ зад кој стојат заедно со Филип Алексовски.**
Откако паметам за себе цртам стрип. Вљубен сум во стрипот. Цртежот е подлога, столб на било која техника без разлика дали работиш графика, слика... За да си добар во стрипот мора да си страстен цртач. Со оглед на тоа дека студирам графика, цртежот е “мој терен“ и таму сум најсигурен.

**За инспирација и  “креативно расфрлање“**
Неверојатно, колку многу енергија  има во мене. Не можам да сопрам. Чувствувам дека мора да ја нахранам душата, а изгледа дека таа е многу гладна.

**Дела и автори вредни за почит**
Ух, ги има премногу! И тоа во секое поле...Се инспирирам и од ликовни уметници, и од музичари, филмски режисери, стрип цртачи, јапонски анимации.. ако почнам да ги редам, сигурно ќе заборавам некој важен.

**Процесот на создавање на една слика наспроти процесот на создавање на една рап песна!**
Исто, а сепак различно. Музиката и ликовната уметност на мојата вага тежат потполно еднакво. Единствената разлика е што музиката се прима преку органите за слух а ликовната уметност преку органите за вид.

**Пораките во сликите, графиките, стрипот... и во  рап-текстовите**
Во рап-текстовите го раскажувам мојот и “твојот“ живот, случки, искуства, а во моите ликовни творби го раскажувам мојот и “твојот“ живот, случки, искуства...Потполно ист пристап само различен медиум.

**А  по првата самостојна изложба...**
Па, да сме живи и здрави, ова е само почеток. Во план е трет соло албум, стрипот “Фацизам“ да доживее трето продолжение, Green-out нов албум, следната година уште еден соло албум ( во продукција на Ди-Џеј Гоце САФ, кој веќе е снимен до половина), постдипломски студии, нови изложби...со Господ напред!



Ивана Кузмановска

**Антонио Аранѓеловиќ** е мултимедијален уметник кој се бави со стрип, цртеж, графика, сликарство, музика и кендо, а работи и како графички дизајнер. Роден е во Скопје 1986 година. По завршувањето на Средното уметничко училиште, дипломирал на Академијата за ликовни уметности, графички отсек во класата на професор Мирко Вујисиќ. Досега има учествувано на неколку групни изложби како и на светската изложба за уметност на хартија во Остен. Еден е од двајцата автори на стрипот "Фацизам", а зад неговото име стојат и пет музички албуми.



КОЈ РАСТЕЛ ВАКА МОЖЕ ДА ВЛЕЗЕ



WHITE (ПРВОАПРИЛСКИ СИРАК)




DAYDREAMING